МЛАДИТЕ МОЖАТ

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2022г.

Импресум

Издавач:
Здружение на граѓани Младите можат

За издавачот:
Анита Николовска – Извршен директор на Здружение на граѓани Младите можат

Автор:
Анита Николовска

Дизајн:
Марко Златковиќ

Предговор

Драги партнери, соработници, пријатели, млади...

13та година како придонесувавме кон активни, независни, способни и решителни млади. Како и колку ние придонесовме кон млади кои успешно влијаат врз општествените случувања и поттикнуваат успешни промени, прочитајте во страниците кои следуваат.

Соработувајќи со искусни психолози, кариерни советници и младински работници за прв пат креиравме програма за ментално здравје, како и програма за кариерно советување во средното образование, кои ги пилотиравме во 5 средни училишта од град Скопје. Преку овие програми опфативме над 500 млади средношколци, но и над 100 наставници, училиштни психолози, претставници на училиштните служби.

Бевме гласноговорници за негување на менталното здравје. Направивме анализа за состојбата поврзана со средношколците и пристапот до услуги за менталното здравје. Организиравме три национални конференции со над 150 присутни на коишто зборувавме за важноста од негување на менталното здравје и креирање на услуги и сервиси достапни за младите луѓе.

Оваа година со нашите партнери Schuler Helfen Leben продолживме успешно да го реализираме Solidarity Action Day во Северна Македонија. Ден кога 90 средношколци од Северна Македонија стекнаа искуство за работата која отсекогаш ја посакувале, а истовремено се ангажираа во заедницата за да им овозможат на своите врсници подобра положба во земјата. Ден кога 30 општествено одговорни домашни компании и организации обезбедија работни позиции за младите и донираа време, знаење и финансиски средства за доброто на младите. 175,500 денари изнесува младинскиот фонд креиран преку соработка на младите и возрасните, кој во наредните месеци ќе придонесе за спроведување на младински проекти.

Дополнително, основавме две младински банки за првпат во нашата држава, во две локални општини: Центар и Крива Паланка. Вкупно 2 младински проекти беа поддржани во овие општини од фондот на младинските банки.

Нашите активни членови во текот на целата година успешно придонесуваа кон нивниот кариерен развој, промоција на здрави навики за негување на менталното здравје и поттикнување на општествена одговорност и активизам преку едукативните програми во рамки на членството на Младите можат. Поттикнавме и нови интернационални искуства и овозможивме на над 80 млади да имаат животни искуства надвор од границите на својата земја.
Се надевам дека овој краток осврт на 2022 година ве поттикна да ги погледнете страниците кои следуваат и одблизу да ги видите моментите кои ја одбележаа промената изминатата година, но и да се инспирирате токму вие да бидете промената во деновите кои следуваат.
За крај, би сакала да се заблагодарам на сите соработници, партнери, пријатели, членови кои беа дел од приказната наречена Младите можат.

Со почит,
Анита Николовска
Извршен директор на ЗГ Младите можат

За Младите можат

Младите можат е непрофитна и независна граѓанска организација која има за цел да ги поттикне младите да земат активно учество во развојот на демократско општество, преку активно граѓанство и социјален активизам.

Организацијата е основана од страна на младите луѓе, водена од идејата за моќта на младите како катализатори на промени во денешното општество.

Визија

Младите луѓе да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам, како моќни алатки за општествена промена, да одговорат на своите потреби во заедницата.

Мисија

Да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека можат самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

Стратешки приоритети во 2022 г.

- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1– ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2– ПОТТИКНУВАЊЕ И ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ЛИЧЕН И СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ КАЈ МЛАДИТЕ**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3- ЗГОЛЕМЕНА ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4 – СИСТЕМАТИЗИРАЊЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ**
- **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5 – ПРИДОНЕС КОН И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА**

▷ ПРОЕКТИ ◁

ПРОЕКТ: Се за младите!

Главното влијание на проектот „Се за младите!" е зајакнат образовен систем во Северна Македонија со усвоени политики за услуги за ментално здравје, функционални програми за кариерна ориентација и зајакнати животни вештини кај младите.

Како ги оправдавме очекувањата? Преку неколку програми со коишто ја постигнавме оваа визија:

1. Програма за ментално здравје

1.1 Сеопфатна анализа на услугите за ментално здравје во образованието
(на следниот линк е достапна анализата).

1.2 Лобирање и воведување програма за ментално здравје за врсничка едукација во системот на средно образование:

- 20 обучени врснички едукатори за ментално здравје;
- 1 ажуриран прирачник за врсничка едукација за ментално здравје;
- Потпишани меморандуми за соработка со 5 средни училишта;
- Одржани врснички едукации со 304 млади луѓе од средните училишта.

1.3 Програма за развој на капацитети за училишни психолози во средно образование за работа со ученици на тема ментално здравје:

- Организирана консултативна конференција со над 80 присутни
- Организиран тренинг за зајакнување на капацитетите на 20 наставници и 5 училиштни психолози
- 20 наставници и психолози активно ја користат програмата при изведување на наставата



2. Програма за кариерна ориентација

2.1 Програма за кариерна ориентација за средношколци

2.2 Практикување на концептот за засенчување на работните места преку програма за социјален ден за средношколци

2.3 Развивање на капацитетите на кариерните советници и училишниот кадар за функционирање на училишните центри за кариера

- 18 средношколци креираа личен кариерен план и поминаа низ процес на индивидуални кариерни сесии;
- 18 професори се стекнаа со вештини за кариерни советници во рамки на средните училишта;
- Преку процес на дисеминација беа опфатени вкупно 260 средношколци и 55 професори

3. Програма за младински активизам и младинско учество

3.1 Програма за менторство за градење капацитети на младински работници:

- 20 обучени ментори за работа со млади
- 1 прирачник за ментори креиран

3.2 Програма за критичко размислување и финансиска писменост:

- 20 млади луѓе учествуваа на тренинг за критичко размислување;
- 20 млади луѓе учествуваа на тренинг за финансиска писменост.

3.3 Програма за лидерство Младински локални банки:

- 2 младински банки формирани во општините Крива Паланка и Центар;
- Потпишани меморандуми за соработка со општините Крива Паланка и Центар;
- Спроведено истражување "Потреби на младите на локално ниво во Крива Паланка и Центар" (достапно на следниот линк);
- 22 млади од Крива Паланка и Центар учествуваа на тренинг за градење на капацитети;
- 2 младински проекти поддржани од фондот на младинските банки.



Преку проектот „Се за младите!" поттикнавме различни актери како што се наставници, кариерни советници, психолози, локални општини, различни министерства и институции, бизнис сектор, граѓански организации, родители да соработуваат за развивање способни, активни, решителни млади луѓе, целосно свесни за важноста од грижата за своето ментално здравје, вработливи и опремени со животни вештини.

Проектот е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а финансиски поддржан од Европската комисија, преку Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Ко-финансирано од Европска Унија

Буџет на проектот:

69.985 euros

ПРОЕКТ: More than...activism

Искуството што ни го носи секоја година, секој проект, не води до тоа постојано да се подобруваме и да бараме нови и подобри начини како да им пристапиме на младите. Тоа се случи и со проектот More than…activism! . Преку овој проект креиравме тимови од млади луѓе кои волонтираат и спроведуваат иницијативи за теми кои се моментално релевантни и кои се однесуваат на одреден младински предизвик во нашето општество. Исто така, ги инспириравме младите луѓе да бидат свесни за нивниот лидерски потенцијал и да дејствуваат во нивните заедници со активности кои ги претставуваат нивните моментални интереси и таленти.

Создадовме посебна програма која поддржа речиси 100 млади да бидат активни во нивната заедница, преку најмалку 5 обуки кои го поттикнуваат следново:

- **Квалитативни животни навики (рекреативни активности, здрав начин на живот, начин на живот со нула отпад итн.);**
- **Развој на вештините за критичко размислување и градење став;**
- **Градење на капацитети на професионалците кои работат со младите и за младите;**
- **Општествена одговорност и солидарност меѓу младите, но и во целата нивна заедница;**
- **Зајакнување на граѓанскиот дух и лидерството во заедницата на локално и национално ниво.**



Уникатниот пристап и креирањето специјални програми кои ќе се фокусираат на интересите и талентите на вклучените млади ќе ни помогнат да создадеме и одржиме специфична социјална средина која ќе обезбеди создавање на можеби најголема платформа за млади активисти кои имаат вештини и капацитети во различни видови предмети како уметност, музика, спорт, наука, дебата, медиуми итн.

Проектот “More than…activism!” е имплементиран од Здружение на граѓани Младите можат, а поддржан од најголемата германска фондација за млади Schuler Helfen Leben.

Буџет на проектот:

20.000 euros

ПРОЕКТ: Од хоби до бизнис

Проектот обезбеди поддршка за младите претприемачи преку создавање на иновативни можности кои доведоа до зајакнување на личните и претприемничките капацитети на младите. Создававме веб платформа која претставува виртуелна младинска претприемничка средина (https://karierenpat.mk/), каде што младите претприемачи ќе можат да го градат, промовираат и лоцираат својот бизнис. На овој начин им се помогна на младите да станат независни и вешти претприемачи, проследено со менторска поддршка од страна на ментори од бизнис заедницата.

Главните резултати од проектот се:

- **20 Млади луѓе ги развија личните и претприемачките вештини**
- **4 Реализирани модули за стекнување на вештини за развивање на бизнис**
- **3 Месеци менторска поддршка**
- **16 креирани документи и темплејти за бизнис план и започнување на бизнис**
- **1 креирана веб платформа Кариерен пат.мк**

Проектот „Од Хоби до Бизнис“ беше финансиски поддржан од Европската Унија во рамки на иницијативата „Балкански млади: поврзување на едукацијата, способностите и партнерскиот потенцијал во регионалните практики за вработување “ која е координирана од Џуниор Ачивмент Србија, а партнер од РС Македонија е Националниот младински совет на Македонија.

Младите можат

Национален младински совет на Македонија

Dostignuća Mladih
Junior Achievement Serbia

Буџет на проектот:

19.998 euros



ПРОЕКТ: Social day 2022!

Social day е ден кога младите луѓе заменуваат еден ден на училиште за работа која тие ја бираат, односно младите донираат дел од своето време и својата дневница за младински проекти. На 9ти Ноември 2022, по втор пат во нашата држава се реализираше Social Day.

Ден кога 90 средношколци беа дел од општествената промена и активистичко движење, каде што преку 8 часа работа на различни позиции овозможија промена и придонесоа кон остварување на проекти создадени од и за млади.

Главните резултати од проектот се:

Ден кога 30 општествено одговорни домашни компании и организации се приклучија во формирањето на младинскиот фонд преку обезбедување на работни позиции за младите. Сите компании, организации и институции беа „ин“ и во чекор со младинската енергија и доделија дневница за формирање на поголем младински фонд.

Ден кога 175.500 денари заработија младите учесници како дневници кои ги донираа во фондот на Social day, преку кој се очекува да бидат поддржани два младински проекти.

Токму ова се овогодинешните резултати од SOCIAL DAY, кој по втор пат се реализира во Северна Македонија, спроведен од Здружение на граѓани Младите можат на 9ти ноември 2022г. На овој ден 30тина домашни компании и организации земаа учество и обезбедија позиции за над 90 средношколци, меѓу кои: Унет, Белина, Skala School, Граѓанска организација LEAD, Ит Лабс, Декра, Крик, Адвокатско друштво Трпеноски, Ултра, Себесложувалка, Europe House Скопје/Струмица/ Крива Паланка, Бизнис Академија Смилевски, Sugar Cube Corner, Новус Струмица, Национален Младински Совет на Македонија, рудникот Бучим (Боров Дол), Македонски центар за меѓународна соработка, Фондација Конрад Аденауер, Канцеларија на Постојаната координаторка на ООН, Комерцијална Банка, Општина Бутел, Општина Центар, Бутик за венчаници Лебед, Together Македонија, АРНО.

Партнери на Social Day 2022:

"Се запознав подетално со работата на општината, со кои предизвици се соочуваат и како се одвива еден работен ден во општина Центар. Сметам навистина дека Social Day е одлична можност за да видиме како практично се одвива некоја работна позиција за која сме заинтересирани.

Маја Трајковска, учесник на Social Day 2022 во одделението за животна средина во Општина Центар

"На почетокот на денот се надевав дека ќе имам вистински увид и пракса во тоа што значи да си дигитален маркетер. На крајот од денот, можам да кажам дека сите мои очекувања се исполнија. Се запознав со одговорностите и кои предизвици можам да ги очекувам додека работам.

Теодора Тодорва, учесник на Social Day 2022 на позицијата Асистент за дигитален маркетинг во Skala School

ПРОЕКТ: How to: Hobby to business

Младинската размена HOBBYZ е дел од програмата Еразмус + која е поддржана од Европската Унија. Целта на проектот беше градење на капацитетите на младите во областа на претприемништвото и бизнисот. Фокусот на оваа размена беше интеркултурна размена и учење на специфични и мерливи знаења, како и социјални и практични вештини. HOBBYZ им овозможи на 30 учесници, на возраст од 18 до 29 години, да стекнат претприемачки дух и да создадат основа за започнување сопствен бизнис.

Дополнително, учесниците се стекнаа со теоретски знаења, придружени со практични вежби за продажба, презентирање на бизнис план, pitching идеи итн.

Размената се одржа од 25.05.2022 до 01.06.2022г. во Охрид, Северна Македонија, со учесници од 4 земји (Австрија, Албанија, Романија и Турција).

По завршување на размената младите национални тимови го дисеминираа стекнатото знаење во своите земји.

Како си поминавме секој ден од размената можете да прочитате на следниот линк.

Буџет на проектот:

13.366 euros

Erasmus+



ПРОЕКТ: Engaging Marginalized Youth for Sustainability





Engaging Marginalized Youth for Sustainability (EMYS) е двегодишен проект чија главна цел е да се мотивираат и зголемат капацитетите на младите луѓе да станат креатори на промени и да имплементираат иницијативи не само во нивните заедници, туку и на европско ниво.

Цели на проектот:

- Да се создадат мрежи и коалиции меѓу младинските организации, младите луѓе и активистите на младинските движења низ ЕУ
- Да се поддржат младите во креирањето на иницијативи и проекти предводени од млади
- Да се поттикнат маргинализираните и недоволно застапените млади да станат информирани носители на одлуки и креатори на промени во своите заедници
- Да се промовира транскултурна соработка како решение за глобалната криза од климатските промени
- Да се истражат и развијат методи и техники за неформално образование
- Да се негуваат компетенциите за лобирање и застапување кај младите
- Да се подобрат меѓусекторските иновации и соработката со младите.

Што се одржа?

- Фоокус групи на локално ниво во текот на месец октомври на кои учествуваа 10 млади од различни региони на државата, со цел да се добијат информации за потребите и ставовите на маргинализираните млади, како и дополнително да се развие програма за обуката за одржливост
- Обука за одржливост во Виена, Австрија, во текот на месец октомври, каде вкупно 5 младински лидери и амбасадори беа обучени за методологии на неформална едукација, design thinking и вештини за фацилитација.
- Во рамки на обуката за одржливост беше развиен Sustainability Toolkit (Прирачник за одржливост) кој вклучува техники за фацилитација, генерирање и осмислување идеи, техники за неформална едукација, застапување и лобирање, менаџерски вештини, како и обука за застапување и лобирање. Овој прирачник за одржливост кој ќе го користат членовите на локалните групи за застапување во процесот на лобирање за нивните права и потреби.

Што понатаму?

- Локални групи за застапување кои ќе бидат составени од претставници и активисти на младински движења на заедницата, кои ќе бидат обучени и овластени да започнат и/или да го подобрат нивното застапување.
- Консултативни состаноци со носителите на одлуки и политичарите на локално ниво за да се истражи нивното гледиште за различни прашања поврзани со младинското учество во демократскиот живот.
- Јавни дебати: ќе се организираат настани за значењето, придобивките и реалноста на активното граѓанство и младинското учество за младите во ЕУ.
- Настан за младинско вмрежување чија цел ќе биде да се разменат добри практики и да се олесни целта за создавање мрежи меѓу младите, имплементација на заеднички активности и зајакнување на младинското учество.

За кого е наменет овој проект?

- Млади од 18 до 35 години
- Младински амбасадори, младински работници, младински организации/совети/центри и движења на младинската заедница
- Носители на политики/одлуки и јавни организации.

Буџет на проектот:

14.499 euros

EMYS

ПРОЕКТ: Градење на здрави животни навики на момчињата во Ѓорче Петров

„Градење на здрави животни навики на момчињата во Ѓорче Петров“ е проект кој ќе трае 8 месеци (01.12.2022 – 31.07.2023) и чија цел ќе биде позитивно трансформирање на однесувањето кај младите момчиња со цел градење толерантни општества и превенција на врсничкото и родово базираното насилство.

Кон оваа иницијатива се вклучени локалната власт и локалните граѓански организации кои ќе ги мобилизираат младите на возраст од 14-19 години за утврдување на приоритети и вклучување во креирање локална политика за млади низ едукативни работилници и кампањи во заедницата.

Во декември 2022г. беа реализирани следните активности:

1. Учество во реализација на истражување со 20 млади момчиња, по методот на партиципативно учење и акција со младите момчињата за да се утврдат димензиите на машкоста и перцепциите за насилство;
2. Учество во приспособување на Прирачникот М (за позитивно однесување на момчињата) на CARE – на национално ниво и развивање на програма за врсничка едукација;

Преку вклучување во проектните активности Младите можат и учесниците на проектот ќе имаат можност:
1. Да ги градат капацитетите и вештините кои што се неопходни работа со младите момчиња, за тие да можат да развијат здрави врски засновани на родова еднаквост, да го разберат нивниот физички, сексуален и емоционален развој како и да се осврнат на сите форми на насилство во нивниот секојдневен живот. Со тоа Младите можат ќе можат да воспостават силни врски со врсниците и младите момчиња за обезбедат ефикасно учество во предвидените работилници;

2. Младите можат во рамки на проектните активности ќе креираат мрежа од граѓански организации и да бидат активни во градењето на поправедни родови ставови и однесувања меѓу младите со што ќе се намали и насилството меѓу момчињата кон девојчињата и врсничкото насилство (насилство од момчиња спрема други момчиња) во Македонија;

3. Младите можат ќе ги зголемат организациските капацитети и капацитети за спроведување на проекти на граѓанските организации преку индивидуална програмска и техничка поддршка, што ќе им овозможи да развијат понатамошни програми и да бараат понатамошна финансиска поддршка и по завршувањето на оваа проектна активност;

Проектот „Градење на здрави животни навики на момчињата во Гостивар и Ѓорче Петров“ е реализиран од страна на Центарот за истражување и креирање политики заедно со CARE International Balkans со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Младите можат се партнери спроведувачи на проектот во општина Ѓорче Петров.

Kingdom of the Netherlands

Буџет на проектот:

650.000 денари

#КажиСи – Анализа на наоди

Поттикнати од случаите со насилство во средните училишта кои беа јавно изнесени изминатата година, спроведовме анализа на наоди на тема: Утврдување на деградирачко, дискриминирачко и несовесно однесување на наставници кон ученици во образовниот процес. Спроведовме јавен прашалник за мапирање на случаи на деградирачко, дискриминирачко и несовесно однесување на наставници кон ученици во образовниот процес. Исто така испративме барање за пристап до информации од јавен карактер до Државниот просветен инспекторат за бројот на пријавени претставки до наставници и спроведените постапки. Преку овие две активности сакавме да го постигнеме следното:

- Да истражиме колку недоличното однесување од наставниот кадар е застапен во училиштата и на каков начин;
- Да истражиме колку учениците ги пријавуваат случаите до надлежните органи и дали се постапува според нив.

Целосната анализа е достапна на следниот линк.

Анализата беше изработена во партнерство со Здружение Лидери за едукација активизам и развој.

НАСТАНИ

[ЗАВРШЕН НАСТАН] МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ-СЕГА Е МОМЕНТОТ

На 02ри Март се одржа завршниот настан за презентирање на документот за јавна политика – Ментално здравје – сега е моментот. Се водеше дискусија помеѓу психолог- М-р Тиана Ивановска, наставник-Д-р Фанче Јошевска и Ева Цветковска – претседателка на УСС на УКИМ на теми кои се опфатени во документот за јавна политика како и предлози за подобрување на менталното здравје кај младите.

Настанот беше отворен од М-р Марко Ѓоргиевски (директор на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност) и Дијана Мицевска (координатор на проектот), а се изјасни и авторката на документот за јавна политика – Јасмина Михајловска.

Од соработката со Младите можат сфатив дека младите навистина можат, а со соодветната поддршка ќе можат уште повеќе. Потребно да почнеме од основата за понатаму да можеме да навлегуваме во попрецизни проблематики. – Јасмина Михајловска.

За време на панел дискусијата, присутните имаа можност да ги чујат ставовите на засегнатите страни и нивните предлози за подобрување на состојбата на менталното здравје на младите во нашата држава.

Како краен заклучок на дискусијата произлезе потребата сите институции да се фокусираат пред се на превенција. Да ги научат младите што е всушност ментална хигиена, на начин кој ќе биде прилагоден на нивната возраст.

“Ментално здравје – сега е моментот“ е проект кој Здружението на граѓани Младите можат во партнерство со Y-peer Македонија, го спроведува како дел од Еразмус плус програмата поддржана од Европската Унија.

ДАЛИ ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ГРАДИ ЦЕЛОСНИ ЛИЧНОСТИ?

На ден 22.06.2022 во просториите на Рагуза 360 беше организирана конференција „Дали образовниот систем гради целосни личности?“ на која беа претставени спроведените анализи на тема ментално здравје и кариерно советување. Присутните беа запознаени со моменталната состојба во нашата држава.

Дополнително, беа претставени програмите кои имаат за цел да им помогнат од една страна на средношколците да стекнат нови вештини, а од друга страна да им дадат насоки на професорите на кој начин да пристапат кон учениците и во рамки на наставната програма да воведат нови концепти на сподлеување информации.

На самата конференција беа претставени следните програми:

- Програма за подобра грижа за менталното здравје на учениците во образовниот систем, наменета за наставници и психолози во средни училишта
- Програма за кариерно советување на средношколци, наменета за учениците од средните училишта
- Програма за градење на капацитети на кариерни советници во рамки на средните училишта.

Како краен заклучок од конференцијата се истакнува важноста од вкученоста на сите засегнати страни за зајакнување на образовниот систем во Северна Македонија со прифатени политики за сервиси за ментално здравје, функционални програми за кариерно советување и зајакнати животни вештини кај младите. Професорите, училишните психолози и училишните служби се оние кои се најприсутни во овој период од животот на младите и од клучна важност е нивната едуцираност и способност за препознавање и поддршка на младите . Воедно сите присутни го споделија ставот дека програмите за менталното здравје и кариерно советување треба да бидат дел од редовната наставна програма.

Оваа конференција е дел од проектот All for YOU(th)! кој е финансиски поддржан од Европската Унија.

Ко-финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

[КОНФЕРЕНЦИЈА] ДА СИ ПОСАКАМЕ ПОДОБРО МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ ВО НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

Менталното здравје е клучен дел од општата добросостојба на децата и адолесцентите. Средношколците, како специфична социо-демографска категорија која проаѓа трансформативна фаза од психолошки, социјален и економски карактер, се посебно ранливи на акутни и хронични нарушувања на нивното ментално здравје. Сепак, пристапот на средношколците кон услуги кои ќе им овозможат да го подобрат менталното здравје е ограничен.

На ден 31.08.2022 во просториите на Europe House Skopje беше организирана конференција „Да си посакаме подобро ментално здравје во новата учебна година“. На почетокот на секоја училишна година, ние посакуваме учениците да имаат одличен просек, академски успех, да обрнуваат внимание на часовите и слично. Но, за да можат тие да го постигнат тоа, пред се тие треба да имаат добро ментално здравје и да знаат како да одржуваат соодветна ментална хигиена. Затоа, пред почетокот на новата учебна година, пред 1 септември, ние им посакавме успех за подобро одржување на нивното ментално здравје.

Како заклучок од целиот процес е дека кај средношколците постои ограничена информираност во однос на достапноста на професионална поддршка, како резултат на несистемско информирање. Дополнително, можноста средношколците финансиски да си дозволат советување е ограничена, без системски да се обезбеди поддршка за пристап. Сите препораки кои произлегоа од анализата ни се насочени кон Министерство за здравство, Министерство за образование и наука и Министерство за труд и социјална работа, како главни чинители потребни за ваков тип на систематизација.

Оваа конференција е дел од проектот All for YOU(th)! кој е финансиски поддржан од Европската Унија.

Ко-финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

МОБИЛНОСТИ ЗА МЛАДИ

МЛАДИНСКА РАЗМЕНА ВО ШПАНИЈА „SMALL STEPS EVERYDAY

Јас и 5 други млади луѓе од Македонија ја имавме честа да земеме учество во проектот „Small steps everyday", во Кампано и Херез де ла Фонтера, Шпанија. Во период од 12 дена имавме прилика, покрај прекрасната септемвриска клима во овој јужен предел, да стекнеме нови позитивни навики во нашите животи.- вели Дарко Милошевски.

Проектот беше поделен на две локации, Кампано и Херез. Кампано, мал локален кампус, изолиран од градските центри и бучав беше одличен старт на програмата. Секое утро започнуваше со пронаоѓање на мирот во себе, преку јога, медитација, масирање и секаков види на релаксација. Иако на првиот ден можеби бевме засрамени да го практикуваме ова, веќе вториот ден ги видовме позитивните промени во нас. Кога уште од самото утро се ослободувавме од некој тензии во нас, дали тоа беше од обилното дегустирање од културните вечери или тресењето на колкови на марокашки танц, јогата помагаше да ја одржиме позитивната енергија во нас.

Во главно целата размена беше повеќе насочена кон само-рефлексија и како би можеле да излеземе од некои кругови на негативни влијанија во нашите животи. Најчесто имавме ментор или фасцилитатор обучен за темата, кој ни даваше идеи и предлози за како постепено да излеземе од некои репетитивни дејствија и прокрастинација. Најдобро и најкорисно од се беше работата во тим и можноста да се слушне и да се сподели искуството. Како група на млади кои се во различни фази во нивните животи, беше особено интересно да слушне како се справуваме со различни предизвици. Доста необично за мене, кој има неколку искуства со еразмус размените, претставуваше блискоста и отвореноста измеѓу учесниците. Додека на други размени потребни се неколку дена за да се остварат силни конекции, во Кампано веќе првата вечер се осеќаше таа енергија. Благодарение на организацијата AJ Inter, логистиката и распоредот беа совршени за да има доволно кохезија измеѓу учесниците.



BACK2BASICS ’22- ИСКУСТВА НА МЛАДИТЕ КОИ ЗА 14 ДЕНА ЗАПОЗНАА НОВА СТРАНА ОД СЕБЕ

Back2Basics '22, повторно Холандија, повторно Оммен, повторно авантура, искуство кое се памети и животни лекции кои, не знам каде на друго место може да се научат- ова е генералниот коментар на младите по враќањето од младинската размена во Холандија која траеше 14 дена.

“Ова не е вообичаена размена, B2B е нешто друго, ново и поинакво. Размената е искуство... искуство кое е толку невообичаено, но толку посебно и инспиративно. Искуство кое може само да се доживее, но не и комплетно да се опише”

Делфина Саздовска, учесник на Back2Basics 2022

“Back 2 Basics е размена наменета за развивање на претприемачки и комуникациски способности и градење на тимски дух преку соработка и константни тимски активности. Размена од која посакував да сум дел три години. Размена за која мислев дека знам речиси сè, и дека сум спремна за што и да ми донесе. Сепак, Back 2 Basics беше сè освен очекуваното”

Темјана Анѓушева, учесник на Back2Basics 2022

“Младинската размена Back to Basics придонесе за мој личен и професионален развој. Во текот на четиринаесетте дена во Холандија преку различни активности научив многу за комуникација, тимска работа, лидерство и иновативност. Заедничкиот живот со млади од уште 8 различни земји ги збогати моите знаења за различностите и сличностите во мозаикот наречен Европа. Оваа размена ме направи побогатата за уште еден спомен и нови пријателства.”

Јана Иванова, учесник на Back2Basics 2022

“WE ARE ALL CONNECTED” – Литванија

Размената се одржа од 7ми до 15ти јули. Дел од темите кои се обработуваа се:

Социјалната култура на земјите кои учествуваат

Актуелни глобални социјални проблеми

Одржливи проекти

Лидерски вештини

Зајакнување на недоволно застапените групи

ERASMUS+ ТРЕНИНГ

• DESIGN YOUR IMPACT ВО ОМЕН, ХОЛАНДИЈА

Од 16ти до 23ти Октомври во Омен, Холандија во партнерство со Cherry International се организираше тренинг “Upstream Retreat”.

За време на тренингот младите учесници научија:

- како методолошки да работат на проект
- кои методи постојат и на кој начин можат да ги користат при работа со групи
- како да направат влијание врз општеството преку младинската работа
- како да работат заедно со младински работници од други земји
- како да учат од најдобрите практики и примери од други младински работници
- многу нови работи за нови култури и различности

• DESIGN GAMING“ – во Полска

Главната цел на овој тренинг е да се подобрат компетенциите во областа на креативноста и иновативноста при употреба на методите и алатките за работа со млади. Преку учество на овој тренинг ќе ги зголемиш твоите вештини и ќе и помогнеш на твојата организација да понуди поширок спектар на едукативна понуда прилагодена на потребите и можностите на целната група. Тренингот се реализираше од 11.08-19.08.2022 во Полска. Вештини кои младите ги развоја за време на тренингот:

- Како да се креираат и користат различни видови игри во образованието
- Развивање на твојата креативност
- Управување и организирање настани, вклучително и промоција на истите
- Работа во меѓународен тим

- # LEADING BY FELLING – во Полска

Тренингот се одржа од 23 јуни до 2 јули и беше наменет да изгради корисни лидерски вештини и да создаде меѓународна мрежа на лидери.

На овој тренинг младите имаа можност да:

- Научат повеќе различни алатки за комуникација;
- Го откријат и практикуваат HEAL методот на отпорност (од Рик Хансон) како начин да се грижите за себе и за другите;
- Ги подобрија вештините за решавање проблеми преку различни алатки за креативност.

АКТИВНОСТИ ОД ЧЛЕНСТВОТО НА МЛАДИТЕ МОЖАТ

Како здружение кое основата на својата работа ја темели на активности од млади за млади, важно е младите кои се дел од нашата организација пред се да го развијат својот потенцијал, да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои самостојно или здружено влијаат и учествуваат во позитивните промени и развојот во општеството, но при тоа да знаат дека стекнуваат вештини, искуства и знаења како членови во Младите можат.

Членовите се поделени на јуниори и сениори, односно нови членови кои се помалку искусни и прв пат се среќаваат со активностите на организацијата и членови кои се искусни волонтери и активисти кои подолго време се активни во Младите можат. За секој од нив да има можност да се надогради и истакне во областа која најмногу го интересира, во јуниорската програма дополнително се структуираа 3 едукативни програми за членство во кои младите имаа можност да се приклучат на еден од двата јавни повика во јануари и септември.

Тоа што најмногу ќе ја одбележи 2022 година за членството е неговото ширење во поголем дел од градовите низ државата.

СЕНИОРСКА ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА

Главниот фокус на членовите-сениори во 2022 година беше нивно развивање како ментори и модератори на групи на млади. Поради тоа, покрај активностите базирани на претходно подготвен план прилагоден на потребите и аспирациите на членовите во програмата се организираше и обука за ментори на која учествуваа членовите-сениори и менторите од базата на Младите можат кои им дадоа увид за тоа како е да работиш како ментор на млади кои штотуку почнуваат да се активираат и да придонесуваат кон позитивните промени во општетсвото.





ОРИОН – ВОЛОНТЕРСКА ПРИКАЗНА НА МЛАДИТЕ МОЖАТ ВО ОХРИД

Осуммина млади членови на Младите можат, инспирирани и мотивирани од истите причини – отсуството на желба кај младите за да се развиваат себеси преку неформалното образование, но исто така можеби и недоволната поддршка на веќе постоечките активности од страна на институциите учествуваа на дводневната обука за промоција на активизмот и волонтерството во Охрид. Како резултат на оваа обука, тие се здобија со некои првични знаења за тоа како треба тие како тинејџери да ги преточат нивните идеи во добро организиран и структуриран план со активности за позитивни промени во нивното општество.

Почнувајќи од почетокот на годината, тие успеаја да реализираат повеќе активности преку кои ги активираат нивните врсници на најразлични теми. Подготвија видео за промоција на волонтерството пред младите, остварија состанок со останатите организации од Охрид со кои разговараа за тоа на кој начин тие можат да пристапат да младите од Охрид бидат поактивни во општеството. Остварија соработка со НУ Центар за култура "Григор Прличев" и промовираа културни настани кои се случуваат во Охрид.

Но, нивната главна цел беше да стигнат до другите млади во градот и да ги поттикнат да волонтираат и да сфатат како преку волонтирањето тие имаат многу придобивки кои не ги добиваат така лесно во нивното секојдневие. Па затоа, организираа јавна трибина и работилница за претставување на различните форми на волонтирањето и како тие влијаат на нивната кариера, а потоа реализираа и работилница за личен развој, следена од онлајн дискусија за менталното здравје кај младите.

МЛАДИТЕ МОЖАТ ВО МРЕЖИ

1. Национален младински совет на Македонија

Национален младински совет
на Македонија

2. Сојуз за младинска работа

Сојуз за
младинска работа

3. Мрежа за спречување одлив на мозоци

МРЕЖА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
ОДЛИВ НА МОЗОЦИ

4. Solidarity action day movement in Europe

youth makes change happen

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И СПРОВЕДУВАЊЕ КАМПАЊИ

Во 2022 година комуникацијата со нашата примарна таргет група-младите, но и со целокупната јавност во најголем дел се одвиваше преку социјалните мрежи. Нашата цел во текот на 2022 година беше да ја подобриме интеракцијата со нашите целни групи преку споделување не само на информативни објави, туку и подготовка и споделување на интерактивни и едукативни содржини кои ќе го задржат вниманието на публиката, но истовремено ќе привлечеме и нова публика. Нашата креативна мисла ја насочивме кон креирање на нов вид на содржини преку кои ќе ги претставиме нашите активности. На тој начин успеавме да го зголемиме и кругот на луѓе кои се запознаени со нашите проекти и активности. И во текот на оваа година активно работевме за да го го зголемиме бројот на активни следбеници на нашите фан страни на Фејсбук и Инстаграм. Дополнително, користевме и меил комуникација, каде што тековно ги известувавме новите и старите членови за можностите кои ги нуди нашата организација, а истовремено на тој начин комуницирамме со нашите партнери и соработници.

700+
НОВИ СЛЕДАЧИ

10.000+
ФАНОВИ

10
ПЛАТЕНИ КАМПАЊИ

9
ТВ ГОСТУВАЊА

3
РАДИО ГОСТУВАЊА

15
СТАТИИ

2
ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИИ

41
ОБЈАВИ НА ВЕБСТРАНА

25
MAIL КАМПАЊИ

Во текот на 2022 година соодветно потребите на организацијата и проектните активности беа спроведени неколку онлајн кампањи. Кампањата која и во текот на 2022 година привлече најголемо внимание беше кампањата за Social Day 2022.

Кампањата за Social Day 2022 траеше речиси една година и започна веднаш по завршување на Social Day 2021. Преку 4те фази, колку што вкупно имаше кампањата, успеавме на самиот почеток да ја запознаеме јавноста со целта за Social Day 2022, зошто го организираме повторно и кои се нашите очекување на оваа година. Потоа продолживме со континуирани објави преку кои имавме за цел да го зголемиме интересот на младите и компаниите за Social Day. Во рамки на оваа фаза, најважно ни беше да ја задржиме транспарентноста пред компании и младите. Имено, создававме објави кои ги промовираа трите иницијативи кои беа поддржани од фондот на Social Day 2021. Потоа продолживме со споделувавме искуства од младите и компании кои учествуваа на првиот Social Day. Тоа ни помогна да ги покажеме реалните придобивки од проектот и да мотивираме поголем број на млади и компании да се приклучат. Последната фаза пред одржување на Social Day беше насочена кон поттикнување на младите и компаниите да се пријават за учество. И по завршување на Social Day, нашата кампања не застана, туку продолжи со објавување на резултати, слики и видеа од Social Day и подготовка за промоција на Social Day 2023.

ПЕРСОНАЛ НА МЛАДИТЕ МОЖАТ

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

Анита Николовска
Извршен директор

Дијана Мицевска
Координатор за вмрежување и логистика

Софија Стојновска
Координатор за членство

Никица Манџуковски
Координатор за комуникации

Делфина Саздовска
Проектен координатор

УПРАВЕН ОДБОР

Камелија Јаневска
Претседател на Управен одбор

Илија Станковски
Член на Управен одбор

Ивана Атанасовска
Член на Управен одбор

МЛАДИТЕ МОЖАТ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2022г.

ЛИСТА НА ПРИХОДИ

- Вкупни приходи

ВИД НА ПРИХОД	ИЗНОС (МКД)	%
Приходи од услуги	315.445,00	3,29%
Приходи од камати и позитивни курсни разлики	/	0%
Приходи од членарини, подароци, донации и други извори	7.482.817,00	78,13%
Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	1.779.146,00	18,58%
ВКУПНО	**9.577.408,00**	**100%**

ЛИСТА НА ПРИХОДИ

- Приходи од проекти

ИЗВОР НА ФИНАНСИРАЊЕ	ИЗНОС (МКД)	ОСНОВ
Schuler Helfen Leben	1.231.451,00	Проект „More than… activism"
Делегација на Европска комисија во Република Северна Македонија	3.097.130,00	Проект: "Се за младите"
Balkans Youth: Linking Education, Abilities and Partnership Potential in Regional Employment Practice	1.231.451,00	Проект: "Од хоби до бизнис"
Европска комисија	352.924,00	Проект: "Engaging marginalized youth for sustainability"
Европска комисија	983.373 ,00	Проект: "Акредитација за клучна акција 1"
ЦРПМ Центар за истражување и креирање политики	260.000,00	Проект: "Градење на здрави животни навики кај момчињата во Горче Петров и Гостивар "
Агенција за млади и спорт	280.000,00	Проект: "Социјален ден"

ЛИСТА НА РАСХОДИ

ВИД НА РАСХОД	ИЗНОС (МКД)
Потрошни материјали	472.802,00
Потрошена енергија	90.560,00
Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	28.177,00
Членарини	5.275,00
Наемнини	367.840,00
Средства за опрема	136.097,00
Провизии за платен промет	58.546,00
Негативни курсни разлики	13.754,00
Плати и надомести за плати	1.977.840,00
Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	31.374,00
Други услуги	1.084.700,00
Други расходи	2.548.923,00
ВКУПНО	6.815.888,00

- Финансискиот извештај е изработен за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022

МЛАДИТЕ МОЖАТ

2023